РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УПП Број: / Numer: 03-27
31.10.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

До: Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје

За.

**Предмет: Известување за пристигната претставка**

Почитувани,

На 20 октомври 2025 година до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги беше поднесена Претставка од гледач (наш бр.03-27) којшто искажа незадоволство од програмската понуда на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје и реагираше поради многубројните репризни изданија во програмата, особено на 18 октомври 2025 година. Истовремено се интересираше дали постојат законски обврски за емитување нови и оригинални емисии/серии и за бројот на репризи.

Агенцијата одговори на Претставката, и го информираше гледачот дека радиодифузерите се целосно самостојни, независни и одговорни при создавањето на програмите и креирањето на уредувачката политика, како и дека немаат законски обврски за емитување нови и оригинални емисии/серии, ниту пак законски ограничувања за бројот на репризи, но дека треба да се придржуваат до програмските концепти за којшто ги добиле дозволите за емитување.

За големиот број репризирани содржини на 18 октомври 2025 година, посочивме дека се должат на обврските од Изборниот законик за почитување на изборниот молк.

Деталите од Претставката и нашиот одговор може да ги видите на веб страницата на Агенцијата.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38
1000 Скопје**